Проект: 2019-1-UK01-KA201-061379

SCHOOL BUSINESS ALLIANCE FOR THE DIGITAL ECONOMY

ВОДИЧ ЗА СТОПАНСКИ КОМОРИ:

АЛИЈАНСА НА БИЗНИС УЧИЛИШТА ЗА ДИГИТАЛНА ЕКОНОМИЈА

Co-funded by the Erasmus+ Programme of the European Union

Овој проект е финансиран со поддршка од Европската Унија. Овој документ и неговата содржина го представуваат гледиштето на авторот, и Комисијата не е одговорна за користењето на било кој дел од информациите содржани тука.

ВОДИЧ

Содржина

ВОВЕД 2

КРАТКА СОДРЖИНА НА ПРОЕКТОТ 3

ОСНОВНИ ПОИМИ 4

ЗОШТО УЧЕНИЦИТЕ ТРЕБА ДА БИДАТ ВКЛУЧЕНИ ВО ПРОЕКТОТ? 6

ШТО БИ ДОБИЛЕ СО УЧЕСТВОТО? 7

УЛОГИТЕ НА ТРГОВСКИТЕ КОМОРИ И УЧИЛИШТА..... 8

МОЖНОСТИ ЗА УЧЕЊЕ ПОНУДЕНИ ОД СТОПАНСКИТЕ КОМОРИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ.....10

ПРЕТПРИЕМНИЧКИ ВЕШТИНИ.....11

РАМКА ЗА ЕВРОПСКО ПРЕТПРИЕМНИШТВО (ENTRECOMP).....13

КАКВА ПОДОБРУВАЊА МОЖЕ ДА СЕ ОЧЕКУВААТ?.....16

ДОБРИТЕ И ЛОШИТЕ СТРАНИ НА ТОА ДА СЕ БИДЕ ПРЕТПРИЕМАЧ И/ИЛИ РАБОТНИК 16

КОИ ЌЕ БИДАТ ВЛИЈАНИЈАТА НА ПРОЕКТОТ ВРЗ УЧЕНИЦИТЕ?.....17

ФОРМИРАЊЕ НА ТИМОТ НА УЧЕНИЦИ 18

СТОПАНСКИТЕ КОМОРИ ГО ВОДАТ РАНОТО ПРЕТПРИЕМНИЧКО УЧЕЊЕ 19

НАМАЛУВАЊЕ НА БАРИЕРИТЕ ЗА ДИГИТАЛНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА.....21

КАКО ДА СТАНЕТЕ ДИГИТАЛЕН ПРЕТПРИЕМАЧ? 23

МЕТОДОЛОГИЈА НА ОТВОРЕНО УЧИЛИШТЕ 27

ПРЕТПРИЕМАЧКИ ПРИКАЗНИ 29

РЕФЕРЕНЦИ 34

ПРИКЛУЧЕТЕ СЕ: ПАРТНЕРИ И ИНФОРМАЦИИ ЗА КОНТАКТ 35

ВОВЕД

Концептот на претприемништво станува сè пошироко проучувана тема, на која се посветува сè повеќе внимание од лица и земји на кои им е потребен со цел да напредуваат.

Основната дефиниција за претприемништво вели дека „тоа е чинот на создавање бизнис“. Претприемништвото вклучува претприемач кој превзема дејствија со кои би креирал промени во светот. Одржливиот економски раст има особена потреба од претприемништвото. Претприемачите создаваат нови работни места, придонесуваат кон развојот на економијата, и стануваат значајни чинители во здравото деловно опкружување.

Додека заедниците ширум светот се напрегаат да ги задоволат своите потреби од работна сила, сè поочигледна станува особената важност на негување нови генерации на претприемачи (ДИГИТАЛНИ ПРЕТПРИЕМАЧИ) – обете, како создавачи на работни места, но и работна сила. Стопанските комори и деловните здруженија имаат клучна улога во поддршката на претприемништвото. Тие се уникатно позиционирани помеѓу властите кои сакаат да поттикнат економски раст, и приватниот сектор кој сака да развие нова генерација на работници. Тие се оние кои ги поддржуваат своите бизнис заедници веќе децении наназад. Забележлив е зголемен фокус кон вклучувањето на младите и учениците, а сепак, останува недоволен бројот на програми за претприемништво наменети кон ученици и млади, а во организација на комората и деловните здруженија.

Со оглед на важноста на претприемачкиот начин на размислување за успех на пазарот на работна сила, мрежата на стопански комори се залага за воведување на претприемачко образование во наставните програми низ сите образовни степени- од основните и средни училишта, до стручното и високо образование.

Тимот на проектот се надева дека овој прирачник ќе може да послужи како важен ресурс за стопанските комори и училиштата, придонесувајќи да се развијат или прошират ваквите успешни сојузи.

КРАТКА СОДРЖИНА НА ПРОЕКТОТ

Алијансата на училишта и бизниси АБУ (SBA) обединува конзорциум од училишта со партнерства на стопански комори, поддржани од експерти и партнери низ Турција, Словенија, Северна Македонија, Бугарија, Шпанија и Обединетото Кралство. Проектот треба да им помогне на училиштата да формираат одржливи и системски партнерства со бизниси, социјални претпријатија и невладини организации, наместо времени врски.

Проектот има за цел да обезбеди насоки и документација, кои би можеле да влијаат врз постојната легислатива кон креирање на политика на „отворена врата“ во училиштата, која нив би ги направила подостапни за нивните локални заедници; а би им овозможила да ги ползуваат вештините и талентот на локалното население, во согласност со Агендата од Будимпешта чиј фокус е кон зајакнување на капацитетите на наставниот кадар за спроведување на претприемачко учење.

Агендата за претприемачко учење е сеопфатна: за младите ученици нуди долгорочни, автентични и практично- применливи претприемачки искуства од перспектива на отворено образование, каде учениците директно комуницираат со претприемачките капацитети во заедницата - и стекнуваат претприемачки способности и менталитет преку директно вклучување и практична работа.

Оттаму, трговските комори и наставата во второстепеното образование нема повеќе да бидат создадени врз основа на теоретски претпоставки, туку градени преку практични искуства

ОСНОВНИ ПОИМИ

а Претприемништво

Според ОЕЦД1, претприемништвото се поврзува со клучните фази за создавање и развој на нови економски активности. Со други зборови, штом се воспостави деловен потфат, претприемачот станува менаџер.

Претприемништвото е процес на правење промени, а притоа создавајќи профит и вредност.

Претприемништво е потрага по прилики и вон ресурсите под контрола на претприемачот.

Процесот на претприемништво е да се прави сè, како и на другите би им одело подобро.

б Претприемач

"Претприемачи се оние лица кои сакаат да создадат вредност, преку создавање или проширување на економската активност, преку идентификување и експлоатација на нови производи, процеси или пазари2 “.

в Дигитално претприемништво

Дигиталното претприемништво е генерирање на вредности преку создавање или проширување на економската активност, идентификувајќи и експлоатирајќи нови ИКТ или ИКТ- оспособени производи, процеси и ним соодветните пазари.1

г. Дигитален претприемач

Дигитални претприемачи се оние лица кои сакаат да креираат вредност преку создавање или проширување на економската активност, преку идентификување и ползување на новите ИКТ или ИКТ- оспособени производи, процеси и соодветни пазари.1

д. Дигитална економија

Постојат повеќе дефиниции за дигиталната економија. Европскиот Комисијата ја дефинира дигиталната економија како „економија заснована на дигитални технологии. ”3 Светскиот економски форум и Групата дваесет (Г20), ја дефинираат дигиталната економија како „широка палета на економски активности што ги опфаќа сите работни места во дигитален сектор, како и дигитални занимања во сектори кои не се дигитални ”.4

ѓ Екосистем на претприемништво

Доминантна метафора за поттикнување на претприемништво како развојна стратегија за економијата, е „ претприемачки екосистем “. 5

Претприемачки екосистем, или екосистем на претприемништво, е општественото и економско опкружување кое влијае на локалното или регионалното претприемништво.

Претприемачкиот екосистем вклучува клучни играчи кои прифаќаат претприемачки начин на размислување (ризик и откривање) и развој на сродни активности.

г. Отворено школување

Отворено училиште е подинамична средина за учење, и дава витален придонес кон заедницата: студентски проекти ги исполнуваат реалните потреби во заедница, надвор од училиштето, користејќи локалната експертиза и искуства.7

Отворено школување е кога училиштата и учениците соработуваат во реални проекти со различни организации и професионалци од светот на бизнисот и претприемништво. Ова значи, дека на младите ученици им се нудат долгорочни и автентични проекти, во кои учениците работат со претприемачките ресурси во заедницата. Тие стекнуваат претприемачки капацитети и го подготвуваат својот менталитет преку директно вклучување и практична пракса.
Мисиите се реални и учениците треба да работат пребродувајќи вистински предизвици.

ч. Ментор
Ментор е личност која води помладо или помалку искусно лице, извесен временски период, особено при работа или на училиште, а со цел градење на нејзиниот / неговиот сон. 8

з. Претприемништво
Претприемништво е делувањето како претприемач додека работите во рамките на голема организација.9

вклучете се АБУ (SBA)

ЗОШТО УЧЕНИЦИТЕ ТРЕБА ДА БИДАТ ВКЛУЧЕНИ ВО ПРОЕКТОТ?

Постојат многу причини да се приклучиме на овој проект. Некои од придобивките за учениците се наведени подолу:

- Развивање на претприемачки начин на размислување и претприемачка личност.
- Учење за успешното модерно претприемништво.
- Стекнување нови вештини и учење за дигиталното претприемништво.
- Искуствено учење - процес на учење преку искуство, „учење преку рефлектирање за направеното“.
- Самоиницијатива и преземање одговорност за успех.
- Развој на креативни карактеристики на личноста и вештини за тимска работа.
- Пристап до индустријата.
- Средби со претставници од стопанските комори и работа со нив.
- Можност да ги споделат своите бизнис идеи со активни бизнис менаџери.
- Обука во реално деловно опкружување.
- Интеракција помеѓу училиштата и претприемачите (подобро запознавање со работниот живот).
- Вмрежување и размена на искуства од различни земји на ЕУ.
- Подобри изгледи за вработување и меѓународните можности.
- Средба со нови ученици од различни земји, истражување на нови култури и споделување знаење и искуство, подобрување на англиски јазик.
- Искуство со сосема нов начин на работа во училиштата.
- Вежбање тимска работа и учење на проектни активности.
- Искуство во активности кои понатаму можат да бидат од важност за нивната училишна работа и за нивните планови за што сакаат да прават по школувањето.
- Вклучување во креирање резултати кои ќе се споделуваат низ цела Европа, а со кои тие ќе можат да се гордеат.

ШТО БИ ДОБИЛЕ СО УЧЕСТВОТО?

Проектот АБУ (SBA) има за цел да овозможи иновативни начини кои би има помогнале на учесниците да стекнат:

- Вештини одобрени од Европската заедница.
- Организација и комуникациски вештини.
- Познавања за претприемачкиот и дигитално- претприемачки свет.
- Личен раст и развој на претприемничко размислување.
- Директна соработка со стопански комори.
- Самосвест и самостојност.
- Забавата при истражување нови можности.
- Мобилност кон други земји.
- Нови вештини и развој на скриени вештини и интереси.
- Создавање визија за иднината, креативност, идентификување можности, мотивација и истрајност, постигнување цели.
- Генерирање на идеи, проверка на идеа од маркетинг, дизајн и производствен аспект, прототип, развој на производ, тимска работа, смислување дизајн, интердисциплинарен.
- Создавање нови пријатели, запознавање со културите и размена на идеи со ученици од различни земји.
- Создавање корисни контакти.
- Искуство за тимска работа во интеркултурна средина.
- Подобрување на англиски јазик.

УЛОГИТЕ НА ТРГОВСКИТЕ КОМОРИ И УЧИЛИШТА

Најважниот фактор во овој проект е синергијата помеѓу стопанските комори и училиштата.

СТОПАНСКИ КОМОРИ

Стопанските комори се од особена важност за поддршка на претприемничките иницијативи, со оглед на нивното големо значење при застапувањето на организации , а со фокус на:

- Делување како канал за комуникација на бизнисите во врска со образовните наставни програми односно поддршката достапна за претприемачите преку рационализиран, поедноставен процес.
- Консултации, уште во раната фаза, за прашања кои директно влијаат на бизнисите (на пример, регулатива).
- Менторство и можности за вмрежување со цел поврзување, споделување идеи и барање-добивање совет, особено во моменти на „пик“ (Иако некои претприемачите веруваат дека програмите за менторство не треба да биде формални).
- Олеснување на врските помеѓу претприемачи или иноватори и веќе-воспоставени компании кои можеби би сакале да делуваат како: „живи лаборатории“ или рани усвојувачи на нови производи, технологии, или советувачки капацитети за млади или нови претприемачи.
- Поддршка на локалните организации за развој на теренски активности до училиштата со цел да ги охрабри учениците да размислат да станат претприемачи.

- Помагање на претприемачи да се поврзат со потенцијални извори на капитал (во јавниот и приватниот сектор) и да овозможи „да зборуваат на ист јазик“.

Обезбедување деловно советување на ученици, кое ќе им помогне подобро да ги разберат фазите на деловните процеси.

- Понудуваат претприемачка пракса за учениците.
- Споделување на искуство и знаење за светот на претприемништвото.
- Најсовремена експертиза за претприемничко образование.
- Упатства за партнери кои веќе имаат пракса.
- Континуирана поддршка за партнери во пракса.
- Учење преку вежба.
- Одговорности за стратегијата за дисеминација на проектот, вклучувајќи веб-страници, билтени и креирање на претприемничкото учење.

УЧИЛИШТА:

Учењето на претприемништво е важно особено во стручните училишта, каде самовработувањето е реален стремеж за учениците: многу ученици во стручното образование и обуки често воспоставуваат свои бизниси. Неформалните методи на водење се поизразени во училиштата за стручно образование и обука загрижени за претприемништво, отколку во формалните училишта. Спроведувачи на неформално водство вклучуваат претприемачи, искусни луѓе од деловниот свет, наставници, врсници, па дури и родители.10 Од овој аспект, училиштата ќе имаат повеќе одговорности при едукацијата на учениците. Додека го спроведуваат ова, тие треба да следат ажурирани наставни програми. Училиштата односно наставниците ќе треба да:

- Учат согласно потребите, не само согласно зададеното.
- Обезбедат насоки за вклучените наставници и ученици.
- Обезбедат ја брошурата подготвена од проектниот тим за опис на шемата
- Да ги формираат тимовите и одберат нивните водачи.
- Работа со студентските/ученичките тимови
- Воспостават долгорочна соработка со стопанските комори и претприемачите.
- Да бидат посредници помеѓу стопанската комора и училиштето / учениците.
- Да ги водат учениците низ проектните активности.
- Да им се помогне да ги спроведат своите идеи во пракса и да се даде поддршка при стекнувањето самодоверба.
- Да се создаде основа за идна кариера и раст на претприемничката личност
- Исполнување на проектните задачи.
- Вклучување и оспособување на 2 тима од по 5 ученици, на возраст помеѓу 12 и 16 години.
- Да се создаде соодветен простор за претприемачки ангажман на учениците
- Соработка со партнерот од комората.
- Документирање на локална пракса и поддршка на креативното раскажување на учениците.
- Развивање на целокупно знаење и вештини од проектната практика.
- Помош во изработката на крајните резултати.

МОЖНОСТИ ЗА УЧЕЊЕ ПОНУДЕНИ ОД СТОПАНСКИТЕ КОМОРИ ЗА УЧЕНИЦИТЕ

Со вклучување на проектот АБУ (SBA), учениците можат да учествуваат во уникатни можности за учење, унапредување на нивното образование и обезбедување вештини за успех корисни за нивните идни кариери. Можностите за учење вклучуваат:

- Обезбедување средина за учење за учениците како би се запознале со вистинските претприемачки предизвици.
- Поврзување на теоретските студии со деловното искуство.
- Врски и менторство / охрабрување водено од индустријата.
- Знаење за сите претприемачки аспекти во рамки на земјите.
- Знаење за тоа каква е улогата на коморите во земјите.
- Корисни директни врски помеѓу пазарот на трудот, училиштата и компаниите.
- Учење за претприемништво, бизнис менаџмент и маркетинг.
- Обезбедување на деловно искуство на учениците при создавање подобри врски.
- Вклучување на младите во креативно размислување и размислување за иницијативи.
- Да се разбере работниот сегмент од нивната одбрана област, кон која можеби ќе сакаат да се предодредат во иднина.
- Практика наместо теорија - учење преку правење.

ПРЕТПРИЕМНИЧКИ ВЕШТИНИ

Доколку сакате да бидете претприемач, треба да имате некои карактеристики и да научите некои специфични вештини. Исто така, важно е да ги развивате низ работа. Што прави успешен претприемач? Овие нешта можеме да ги проучуваме под два наслови:

1. ОПШТИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПРЕТПРИЕМАЧОТ

- ✓ Ги идентификува моменталните можности на пазарот. Ги претвора можностите (или потреби) во деловни идеи.
- ✓ Собира ресурси.
- ✓ Ризикува.
- ✓ Управува со финансиите, производството, производствените процеси и човечките ресурси.
- ✓ Продолжува со своите напори за промена на производот, управувањето, технологијата и континуиран маркетинг.
- ✓ Знае како да создава врски.

2. ЛИЧНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПРЕТПРИЈАТЕЛОТ

- Креативно, иновативно и критичко размислување,
- Способност да се соочи со предизвици и упорност,
- Справување со одговорност и склоност кон преземање ризици,
- Способност за идентификување и ползување на можностите,
- Да поседува вештини за иницирање и донесува одлуки,
- Лидерски вештини и способност за поставување цели,
- Организациски вештини и истражувачки способности,
- Да може да стекне доверба и да соработува со другите,

- Познавање на потенцијалните недостатоци и ограничувања
- Да биде подготвен за предизвик и да може преземе потенцијално голем обем на работа,
- Способност за само-рефлексија и само-подобрување,

Информатички вештини

Идентификувајте, лоцирајте, повратете, чувајте, организирајте и анализирајте ги дигиталните информации, проценувајќи ја нивната релевантност и намена.
Добиените информации од веб-страниците на јавните органи / служби
Наоѓање информации за добра или услуги

Комуникациски вештини

Комуницирајте во дигитални средини, споделувајте ресурси преку Интернет алатки, поврзувајте се со други и соработувајте преку дигитални алатки, имајте интеракција и учествувајте во заедниците и мрежите. Сето, имајќи меѓу-културна свесност. Клучните комуникациски вештини го вклучуваат следното:

- Испраќање / примање е-пошта
- Учество во социјални мрежи
- Телефонирање / видео повици преку Интернет
- Вчитување само-креирана содржина на веб-страниците што треба да се споделат

Вештини за решавање проблеми

Идентификувајте ги дигиталните потреби и ресурси, донесувајте информирани одлуки за тоа кои се најсоодветни дигитални алатки според намената или потреба, решавајте идејни проблеми преку дигитални средства, креативно користете технологии и решавајте технички проблеми, бидете во тек. ”

А - Решавање на проблеми
Б - Запознавање со онлајн ресурите

Софтверски вештини за манипулација со содржина

Создадете и уредувајте нови содржини (од обработка на текст до слики и видеа); интегрирајте и ре-елаборирајте ги претходните знаења и содржини; произведувајте креативен израз, медиумски објавувајте и програмирајте. Сето тоа, со разбирање и примена на правата за интелектуална сопственост и овластувањата “.

Основно

- Користен софтвер за обработка на текст
- Користен софтвер за табеларни пресметки
- Користен софтвер за уредување фотографии, видеа или аудио датотеки

Над основните

- Создадени презентации или документи со интегрален текст, слики, табели или графикони
- Користени напредни функции на табеларни пресметки за организирање и анализа на податоци (сортирање, филтрирање, користење формули, создавање графикони)

- Кодирање користејќи програмски јазик “

РАМКА ЗА ЕВРОПСКО ПРЕТПРИЕМНИШТВО (ENTRECOMP)

EntreComp е развиен од Европската комисија како референтна рамка за да се објасни начинот на размислување на претприемачот.
„EntreComp“ го дефинира претприемништвото како трансверзална компетенција, која се однесува на сите аспекти од животот: од негување на личниот развој, до активно учество во општеството, за (повторно) влегување на пазарот на трудот како работник или како самовработен, како и при започнување потфати (културни, социјални или комерцијални). Ова се надоврзува на поширокатa дефиниција за претприемништво која се врти околу создавањето културна, социјална или економска вредност. Со тоа опфаќа различни видови на претприемништво, вклучувајќи ја општата идеа за претприемништво, социјалното претприемништво, зеленото претприемништво и дигиталното претприемништво. Се однесува, обете, на поединци и групи (тимови или организации) како и на создавање вредност во приватниот, јавниот и третиот сектор и на било која хибридна комбинација од трите. И на крај, рамката е домен- неутрална: може да се дејствува според идеи и можности да се генерира вредност за другите во кој било домен и можен синџир на вредности.
Рамката EntreComp е развиена преку пристап со мешани методи, составен преку сеопфатен преглед на академска и сива литература, длабока анализа на изработени студии, деск-истражување и збир од консултации со повеќе засегнати страни.
EntreComp може да се користи како референца за дизајнирање на наставни програми во формалното образование и обука. Може да се користи и за активности и програми во неформалното учење (на пример, за поттикнување на претприемништво меѓу постојните организации). Таа има за цел да воспостави мост помеѓу световите на образованието и вработувањето во однос на претприемништвото како компетентност.
EntreComp е составена од 3 области на компетенции и 15 компетенции како што е илустрирано на сликата подолу. ”12



Слика: Области и компетенции на идејниот модел EntreComp.12

Претприемачки начин на размислување:

Претприемачкиот начин на размислување е начин на размислување што овозможува да се надминат предизвици, одлучувачки и со прифаќање на одговорност. Тоа е постојана потреба за подобрување на вештините, учење од грешките и преземање континуирана акција.13

Ефикасно изградено само преку практични, реални искуства и работа на проекти
Предавани низ сите предмети како посебна класа или интегрирани во друга
„ Претприемачите “кои ја исполнуваат улогата на менаџери, лидери и иноватори во рамките на група или организација

Промоција надвор од образовните институции, во деловните субјекти и поширокаата заедница.

Потребни се 4 основни елементи за претприемачки бизнис:

КОГА ЈА ПЛАНИРАТЕ ВАША БИЗНИС ИДЕЈА, НЕ МОРА ДА ЗАПОЧНЕТЕ КОМПАНИЈА КОГА ГО КРЕИРАТЕ ВАШИОТ БИЗНИС ПЛАН. ГРЕШКА КОЈА ЧЕСТО СЕ ПРАВИ ОД ПРЕТПРИЈАТИЕМАЧИТЕ Е ПРВО ДА СЕ ПОЧНЕ СО КОМПАНИЈАТА, А ПОТОА ДА СЕ ПОЧНИЕ ПЛАНИРАЊЕТО. СЕКОГАШ ПРВО ПЛАНИРАЈТЕ.

Бизнис идеја - сопствено знаење на претприемачот и тема што соодветствува на нивното искуство или ресурси, почетокот на можноста.

Квалификации за претприемништво – Реализација на личните претприемачки карактеристики и уште поважно, самодоверба. Тој / таа мора да има мотивација и да се стреми кон работата.

Знаење и вештини за управување - Техничка и функционална работа што вклучува карактеристики на управување. Разбирањето дека овие карактеристики и работењето секогаш можат бидат развиени. Организирајте ги луѓето со цел да ги максимизирате нивните компетенции.

Ресурси - Лицето потребно за воспоставување деловна активност треба да има пристап до сите потребни ресурси (финансирање, знаење-вештини, работно место, работна сила, машини-опрема, материјали, време), сè со цел да се соберат податоци за информации, производи и услуги.

КАКВА ПОДОБРУВАЊА МОЖЕ ДА СЕ ОЧЕКУВААТ?

Претприемништвото им овозможува на учениците да научат повеќе од само-избраната област на студии и создава интердисциплинарна средина за работа и развој.
Мрежите и пријателствата кои се развиваат, им помагаат на учениците да станат подобро поврзани и да им помогнаааат да се подготват за долгорочен успех. На крајот на проектот, овие подобрувања се предвидуваат на учениците:

- Промени во начинот на размислување
- Проба и размислување за извесно искуство
- Направена врска и значајно искуство со локалната стопанска комора
- Стекнато меѓународно искуство
- Сигурност
- Зголемување на мотивацијата
- Активно учество
- Широко знаење за претприемништво
- Развивање на комуникациски вештини - тимска работа, комуникација со претприемачи, институции и сл.
- Развивање на вештини за започнување, следење и завршување на работните текови од почеток да се заврши, преземајќи одговорност за донесените одлуки.
- Развивање вештини за објективно проценување на резултатите од работниот процес, со цел понатамошно подобрување.
- Поголема одговорност и поголема сигурност во сопствените вештини
- Развивање вештини за изнаоѓање нови деловни можности

ДОБРИТЕ И ЛОШИТЕ СТРАНИ НА ТОА ДА СЕ БИДЕ ПРЕТПРИЕМАЧ И/ИЛИ РАБОТНИК

Донесувањето одлука за иднината е многу тешка за секоко во врска со сопствената иднина.
Да се биде претприемач на важно прашање треба да се одговори како: Дали сакате ризикувате и ја градите својата работа? Или да бидам работник за некој друг? По споредувањето добрите и лошите страни некој може да одлучи подобро.

Предности на претприемачи	Предности на вработените
Раст на кариерата	Безбедни на приходи
Независност	Бенефиции за напуштање
Слобода за економски пораст	Фиксно работно време
Можност за вмрежување и добивање нови идеи	Помалку одговорности

Избор на сопствено работно време	Баланс на работата и животот
Лоши страни за претприемачи	**Лоши страни за вработени**
Стресни одговорности	Ограничена слобода на изразување
Задолжителни инвестиции	Ограничен приход
Долги работни денови	Ограничен капацитет за учење нови вештини
Финансиска нестабилност	Несигурност за работното место

Сега, имајќи знаење за нив и дефинирни приоритети.

КОИ ЌЕ БИДАТ ВЛИЈАНИЈАТА НА ПРОЕКТОТ ВРЗ УЧЕНИЦИТЕ?

По завршувањето на проектот, би можеле да се наведат влијанијата кои би се виделе кај учениците вклучени во АБУ (SBA) проектот меѓу кои би се навеле:

- Стекнато знаење за сите аспекти од светот на претприемништвото
- Познавање на чекорите потребни за да се биде претприемач
- Познавање на ресурсите за поддршка на претприемништво
- Можноста да се однесува, да постапува и да размислува како претприемач
- Упорност и јасна визија / цел
- Развивање на комуникациските вештини.
- Активно и ефикасно работење кон јасна визија/цел.
- Познавања за дигиталната економија
- Подобрување на вештините за англиски јазик
- Нови пријатели и искуства со различни култури

Најпаметните луѓе зборуваат малку, а слушаат многу.

ФОРМИРАЊЕ НА ТИМОТ НА УЧЕНИЦИ

Сите волонтери ученици кои имаат идеи, креативност и иновативно размислување, кои се љубопитни да дознаат повеќе за светот на претприемништвото, можат да аплицираат за да бидат членови на тимот.

Најпрво, раководството на училиштето најавува информации за проектот, бројот и квантитетот на тимовите и критериумите (на пример, година, ниво на англиски јазик итн.), како учениците би можеле доброволно да се вклучат во проектот.

Тимовите на ученици треба да бидат организирани според нивните писмени мотивациони писма, опишани во критериумите, нивното интервју (одржано од координаторот на проектот, двајца наставници и двајца членови од локалните комори), и согласно претходно набљудување на нивното учество и нивниот успех во извршувањето на задачите во училиштето.

Оваа комисија ги избира студентските тимови користејќи ги следните критериуми:

Забележете колку се мотивирани за време на часовите или нивните социјални ресурси. Не треба да бидат избирани врз основа на нивните академски успех.

Треба да бидат делегирани во мешани групи со различни стилови на учење и потекло.

Учениците треба да можат да работат во тимови за време на целиот проект.

Учениците треба да сакаат да го споделат своето искуство со другите, како на локално ниво така и на своите социјални мрежи.

Учениците треба да можат да комуницираат на основен англиски јазик.

Тие треба да бидат поддржани и мотивирани од своите семејства.

Треба да се земат во предвид мотивацијата, идеите, знаењето и вештините на учениците.

Училиштата не треба да заборават да побараат и добијат дозвола за објавување фотографии и видеа во врска со популаризацијата на проектот од родителите на учениците (за ученици на возраст од 18 години и под)



СТОПАНСКИТЕ КОМОРИ ГО ВОДАТ РАНОТО ПРЕТПРИЕМНИЧКО УЧЕЊЕ

Преку програмите за претприемништво и сојуз со училиштата, стопанските комори може да ја продлабочат своето основно членство, да ја поддржат деловната заедница и негуваат следната генерација бизнис лидери. Алијансата помеѓу стопанските комори и училиштата, му овозможуваат на приватниот сектор начин да инвестира во економска одржливост, развој на капацитетите на малдите и новата генерација на претприемачи. Тие можат да им помогнат на учениците полесно да пристапат до пазарот на трудот, без разлика дали со започнување нов бизнис или приклучување кон постојната заедница.

Што може да направи стопанската комора за одржување на сојузот со училиштата и како би им помогнала на учениците и наставниците:

- Организирање лекции, семинари, курсеви, програми за обука или настани. Темите на настаните вклучуваат: дизајн на стратешки план, иновации, подготовка на проекти и управување, интелектуална и индустриска сопственост, подготовка на бизнис план
- Подготовка за претприемачи во „почетното претприемништво“ или „период на инкубација”, простор, инфраструктура, поддршка итн. и за кандидати за претприемачи, давајќи бесплатни услуги,
- Водење на развојот на културата на претприемништво меѓу учениците / младите во училиштата и покраината.
- Подготовка на брошури и ЦД-а, пренесување на соодветните процедури во претприемништво и започнување бизнис.
- Индивидуално појаснување на концептите и перспективи на доживотно учење
- Обезбедување на пракса за млади претприемачи покрај искусни претприемачи.
- Обезбедување поддршка за претприемачи во покраината преку развој на систем на обуки од искусни претприемачи за одреден временски период.
- Водење на локалниот развој на алијансата и ново-настанатиот екосистем на претприемничко учење.
- Обезбедување на интересни и корисни можности за претприемничко учење за вклучените студентски тимови.
- Инвестирање во локални мрежи на приватен и социјален бизнис.
- Документирање на локалната пракса и поддршка на учениците за креативното раскажување приказни.
- Развивање и унапредување на знаењето на инволвираните.
- Обезбедување кредити со ниски каматни стапки за претприемништво.
- Подготовка и континуирано ажурирање на интернет-порталот кој обезбедува детални информации и можности за претприемништво со цел да се создаде база на ментори, кој би им овозможил и би ги водел кандидатите за претприемачи кон тоа да ги развиваат своите идеи.
- Обезбедување на некои активности за да ги поттикнете учениците да продолжат со долгорочни сојузи.
- Давање информации на учениците за финансиска поддршка.
- Со иницирање средби помеѓу претприемачи и ученици. Дозволувајќи консултации, обуки и овозможување помош при спроведување на нивните бизнис идеи.
- Да им понудат поддршка на учениците, да станат нивни ментори и да ги споделат на нивните искуства.
- Дејствувајќи како врска помеѓу учениците и бизнисите. Да организираат состаноци со учениците претприемачи на кандидатот со цел да ги пренесат своите идеи во пракса.
- Поддршка и поттикнување на учеството на учениците на деловни настани и обезбедување покани.
- Со групи на различни настани како што се семинари, обуки и работилници во нивните канцеларии и во училиштата, стопанските комори можат да помогнат и да бидат клучни двигатели во раното учење на претприемништво.

- Да се поврзат службени лица од јавни институции, наставници и ученици со цел да се пренесат официјалните информации неопходни за исчекор во дигитална претприемништво.
- Градење мост помеѓу културата на претприемништво и обуката креирана од компаниите.
- Создавање библиотека на претприемачи во целиот центар за апликации.
- Со усогласување на претприемачите со учениците, осигурување дека учениците можат да го набљудуваат работењето на претприемачот најмалку 3 дена.

НАМАЛУВАЊЕ НА БАРИЕРИТЕ ЗА ДИГИТАЛНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

Претприемништвото е неодвоиво од иновацијата

Дигиталното претприемништво вклучува сè што е ново и поразлично во претприемништвото во дигиталниот свет, вклучувајќи:

- Нови начини за наоѓање клиенти за претприемачки потфати.
- Нови начини на дизајнирање и нудење производи и услуги.
- Нови начини на генерирање приходи и намалување на трошоците.
- Нови можности за соработка со платформи и партнери.
- Нови извори на можности, ризик и конкурентна предност.

ПРОЦЕСОТ НА ДИГИТАЛНО ПРЕТПРИЕМНИШТВО

Дигиталното претприемништво може да се поедностави во четири клучни фази. Овие фази се наведени како:

1. Градење прототип.
2. Тестирање на бизнис идејата врз потенцијалните клиенти.
3. Започнување на бизнисот.

4. Избор на дигитална бизнис идеја.

ПОЕДНОСТАВУВАЊЕ НА ДИГИТАЛНОТО ПРЕТПРИЕМНИШТВО

- Трошоците за започнување се близу нула.
- Алатките се полесни за употреба и комбинирање.
- Нови можности за соработка
- Најдете партнери, финансиери и клиенти преку Интернет.
- Поефикасно
- Побрзо
- Изградете бизнис прототип за едно попладне.
- Поевтино
- Експериментирајте и учете побрзо.

ДИГИТАЛНИ МОЖНОСТИ

- Експериментирање

Лесно се создаваат минимални одржливи производи (MVP) како прототип за вашата бизнис идеја.

- Податоци

Најдобрите податоци победуваат, така што дигиталните претприемачи бараат единствени можности за податоци насекаде

- Скала

Дигиталниот свет го олеснува менувањето на големината на бизнисот за да одговара на можностите и ресурсите, честопати започнувајќи во високо специјализирана ниша.

ДИГИТАЛНИ ПРЕДИЗВИЦИ

- Безбедност:

